# СТАТИИ

Веселинка МАЛИНСКА

## 30 ГОДИНИ ОД ПОБЕДАТА НАД ФАШИЗМОТ И ОД ОСЛОБОДУВАЊЕТО НА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ НАРОДИ*

Другари и другарки,

Оваа година славиме 30 години од завршувањето на Втората светска војна, што воедно значеше и победа над фашизмот и ослободување на целата наша земја.

За нашите народи и народности ова е досега најдолг период на мирот во нивната понова историја и за овие три децении тие постигнаа огромни резултати во својот целокупен развој.

За жал, крајот на Втората светска војна не го означи крајот на војната во светот воопшто. Скоро непрекинато од 1945 година на одделни точки на земјината топка се палат опасни воени жаришта, кои со години ги врзуваат продуктивните и творечките сили на тамошните народи, спречувајќи им да се посветат на развојот на својата земја. Истовремено овие воени жаришта постојано го држат светот во напрегната состојба и се трошат огромни материјални средства за вооружување. Еден од народите кои најмногу страдаа во изминатите 30 години поради таквата воено-политичка положба во светот е виетнамскиот народ, кој овие денови конечно го симна ропството во јужниот дел од својата земја. Така, на оваа прослава, на 30-годишнината од победата над фашизмот и завршувањето на Втората светска војна виетнамската победа дојде како најубава честитка за неа.

Во овие денови на прославување треба да постои надеж дека сегашните или потенцијалните агресори и завојувачи ќе извлечат потрајни поуки од херојската и натчовечанската борба и од издржливоста на овој мал и слободољубив народ. Виетнамската победа уште еднаш потврди дека по Втората светска војна светот на вековното колонијално ропство и економска експлоатација неповратно е изминат и дека сите негови заостатоци се

* Говор одржан пред студентите и наставниците на Филозофско-историскиот и Филолошкиот факултет во Скопје на 8 мај 1975 година во аулата на новата факултетска зграда.

рушат од година во година во овој век на национално и социјално ослободување и еманципација.

Светот се измени многу за овие 30 години. Поразот на општествените сили, кои фашизмот го носеа пред себе како штит во борбата за зачувувањето на колонијализмот и експлоатацијата од секаков друг вид, по силата на општествената и историската логика претставуваше победа и појава на еден нов свет. Времето и сè што носеше тоа не можеа да се вратат на 40-те години. Се измени политичката карта на светот и во одделни земји се создадоа социјалистички општествени системи. Почна осетно да се разградува старата колонијалистичко-империјалистичка тврдина на капитализмот, да даваат плодови созреаните историско-општествени процеси. Се поставија нови крупни прашања во општествените, економските и културните сфери на животот на народите што императивно бараа нови пристапи и разрешувања. Нараснаа производствените сили, а науката и технологијата доживеаја неслутен размав. Социјализмот на светскиот фронт се афирмираше како општествено движење напред, работничката класа се повеќе станува сила во решавањето на најкрупните општествено-економски и општествено-политички прашања за иднината на современото човештво. Историјата и општеството во изминатите три децении создаваа услови за својата натамошна револуционерна преобразба во духот на големите општествени промени, започнати во почетокот на дваесеттиот век. Во тоа е и едно од најбитните значења на победата над фашизмот како над еден од најреакционерните и најекстремните изрази на современиот империјализам и национализам.

Прославувајќи ја победата над фашизмот пред 30 години и соочени со оживувањето и настапувањето на новите фашистички сили во некои земји, поучно е да се припомне дека фашистичките партии го започнаа на времето својот злосторнички поход на речиси неосетен начин. Помагани и поттикнувани од домашните финансиски магнати и милитаристички кругови, и од реакционерни и антикомунистички меѓународни сили, незначителните фашистички и нацистички групи во Италија и Германија се добраа до власта и ги претворија со таквата помош своите држави во воени машини со кои во текот на шесте години од војната уништија над 150 милиони луѓе: убиени и ранети на фронтовите и од бомбардирања, затворени во концентрационите логори, депортирани или раселени.

Тоа беше време на војна какво дотогаш не видела историјата. Човекот никогаш не бил застрашен од таква монструозна машина за тотално физичко истребување, интелектуално и психичко деградирање и осиромашување. Ако во случајот може да се говори во обична смисла на зборот дека фашизмот имал каква и да е цел, тоа било волја за обезвреднување, понижување и газење на сè што е човек, што е придобивка на неговиот труд и неговиот творечки дух, што е негово достоинство и резултат

на неговата историја. Пред злосторствата на фашизмот и на неговиот т.н. „нов поредок“ црвенеат и најтемните периоди во минатото, од пештерите до средновековието.

Југославија, нејзините народи и народности, како ретко кои во Втората светска војна ја почувствуваа на својот грб психопатската убивачка и разурнувачка природа на фашизмот. Опасностите што тој ги носеше за иднината на целокупното човештво Комунистичката партија на Југославија на чело со другарот Тито уште пред Втората светска војна јасно ги согледуваше. Со јасен политички курс и акција ги оспособуваше работничката класа и народот за пресметка со најцрните непријатели на слободата и прогресот. Востаничките пушки, што грмеа низ сите краишта на Југославија во 1941 година, ја објавија решеноста на сите народи и народности под раководството на КПЈ и другарот Тито да поведат вооружена борба против фашистичките окупатори, да ја доведат до победоносниот крај и да создадат нова Југославија, ново социјалистичко општество.

Ова е вистински повод за една гордост заради извршувањето на историските обврски спрема иднината на земјата и иднината на човештвото, за што во времето, кога хитлеровската солдатеска стражареше на Ламанш, кога кукастите крстови се заканување над норвешките фјордови и на медитеранскиот брег, кога фашистичките тенкови беа на пристапите од Ленинград и Москва — се чинеше дека ноќта засекогаш се спуштила над Европа. Токму во таа тешка 1941 година во срцето на поробената Европа, во југословенските планини и села почна сенародно востание, се создадоа слободни територии, а хитлеровците ги трпеа првите порази и ги подигаа првите бели знамиња по нивното навлегување во земјата во априлската војна.

Во таа 1941 во слободното востаничко Ужице се одржа партизанска парада во чест на годишнината на голема Октомвриска револуција. Советскиот Сојуз и советската армија, југословенските народи и народности и партизанските одреди на дело ги помагаа. Извршувајќи го својот историски долг спрема својата земја тие се оддолжуваа и спрема општата борба против фашизмот и спрема загрозувањето на првата земја на социјализмот.

Во воените години што дојдоа Народно-ослободителната борба траеше и јакнеше сè до победоносниот 15 мај 1945 година. Во неа паднаа над 1.700.000 жртви за нашата и не само нашата иднина. 63 народноослободителни дивизии и 42 бригади и одреди — за каква воена сила против фашизмот не можеше збор да станува некаде на друго место во поробената Европа, претставуваше моќен фронт на сојузничките војски во битката за конечното докрајчување на фашистичката армија врзувајќи на просторот на Југославија 4 армиски групации на Вермахтот и на нивните квислиншки слуги, многу повеќе одошто сојузничкиот фронт во Италија.

Постојат премногу материјални докази и сведоштва што засекогаш ќе го осветлуваат објективно и вистинито овој дел од историјата на нашите народи и народности. Нашата борба се одвиваше пред лицето на целиот свет и таа не може да се сокрие и омаловажува со политичко-пропагандни, квази-историски, или било какви други средства. Ако ние денес дигаме глас на протест против сокривањето на историските факти или нивното негирање тоа е затоа што во таквата работа ги наѕираме не сосема чесните и многу опасните намери на нивните автори, и тие што се појавуваат и тие што стојат зад нив. Наивно би било да се мисли дека инспираторите на омаловажувањето на нашата Народноослободителна борба веруваат во она што го лансираат. Ако тоа би било така, недоразбирањата би биле многу бргу надминати. Опасноста е многу поголема и има подлабоки корени, и не е само оваа прослава повод во ваков начин да се врши притисок на нашата земја, на нејзината внатрешна самоуправно-социјалистичка и надворешна неврзана политика.

Етиката и совеста на некои бугарски толкувачи на настаните и воените операции на крајот на војната би биле само жалосен повод за расправање околу извртување на историски непобитно утврдени факти, ако зад тоа не би стоеле опасни великобугарски цели и намери. Барајќи да се почитуваат историјата, жртвите и придонесот на Југославија за победата над фашизмот како и решавачката улога на Југословенската народна армија, создадена во партизанската војна, за ослободувањето на земјата, ние всушност се спротивставуваме на таквите цели и намери.

За македонскиот народ и за Македонија победата над фашизмот и ослободувањето на Југославија имаат и посебно значење. Со историскиот чин на Првото заседание на АСНОМ се прокламира национална слобода и рамноправност на македонскиот народ во Демократска Федеративна Југославија и со тоа се остварија стремежите и идеалите на долгата борба против поробувањето, експлоатацијата и однародувањето.

Во остварувањето на овие цели на борбата на македонскиот народ беше од решавачко значење неговата идејно-политичка и акциона ориентација во пресудната 1941 година, кога над неговата судбина висеше основното прашање да биде или да не биде. Изминатите три децении доволно јасно ја потврдија исправноста на неговото решение, кое така далековидно го посочија КПЈ, Тито и македонските комунисти, кои беа и негови најдоследни исполнители.

Во соседните земји македонскиот народ во своите етнички граници на Балканот, верен на своите револуционерни традиции одлучно се бореше против фашизмот. За жал, поради стекнување на одредени околности и познатите политички ставови и на прогресивните движења и партии во овие земји, македонските национални малцинства во нив не можат да се ползуваат со резултатите од таа борба и денес немаат ни најелементарни

национални права, а се изложени и на тотално негирање и денационализација.

Победата над фашизмот во Втората светска војна со право ги разви и поттикна надежите на народите за раѓање на свет, во кој ќе се оживотворува можноста за изградување на единствена, демократска и миролубива коегзистенција како основа секој народ слободно и непречено да ги развива своите сили и можности. Затоа во оваа прослава можат и треба да се најдат и патокази за заедничките напори на сите народи за јакнењето на фронтот на мирот, прогресот и социјализмот.

Другари и другарки,

Триесет години не се многу за да биде сосема оддалечено ехото на последните победнички истрели во Втората светска војна, но не се ни малку за да можат да се согледуваат од правилна дистанца и нивните вистински релации и многукратни значења за сегашноста и за иднината на нашата земја.

Материјалниот развој на Југославија за овие три децении е огромен. Тој е дело на самиот народ и доказ колку и како тој може да работи и да создава кога е слободен и кога плодовите на неговиот труд може самиот да ги ужива. Сите ние, а особено младите генерации кои растеа заедно со индустриските објекти, езерата, патиштата и градовите, треба да знаеме дека и повоената обнова, изградба и индустријализација на земјата се исто толку значајни и славни страници на нашата историја колку и Народноослободителната борба, затоа што не беше ни лесно ни едноставно успешно да се стигне од 1945 година до денес. На овој пат стоеја многу тешкотии и беше потребна не мала упорност, енергија и волја разурнатата и ограбената земја да се поврати од војната и од заостаната аграрна да стане средно развиена индустриска земја, држејќи триесет години чекор со земјите со најголема стапка на стопанскиот развој.

Овој голем материјален развој во земјата е остварен во условите на борбата на развојот на социјалистичките општествени односи, во чие создавање, револуцијата и по ослободувањето го продолжи својот автентичен и творечки пат. Нејзината најголема придобивка е социјалистичкото самоуправување, како облик и пат на прераснување на државата во асоцијација на слободни производители.

Борејќи се против технократски узурпирања на самоуправните односи и против либералистичко-анархистички усмерувања на социјалистичката демократија, Сојузот на комунистите ги реафирмира класниот карактер и класната содржина на самоуправните односи. Тоа обезбеди во новите устави и во резолуциите на последните партиски конгреси да биде утврдена решавачката улога на работничката класа и на здружениот труд во сите општествено-економски и општествено-политички односи, а

со делегатскиот систем политичкото уредување на земјата да добие најширока самоуправна основа.

Во таквите општествено-политички околности и високото образование има реална шанса во практика и доследно да го изврши своето самоуправно трансформирање и да се реформира во духот на новите уставни одредби и конгресните резолуции.

Непосредната акција во тој правец што овие денови ја започнуваат самоуправните органи на високообразовните институции во републиката, иако со задоцнување во однос на општествените текови во основните сфери на трудот, ветува дека ќе има резултати затоа што во неа досега е постигнато полно и на демократска основа изградено идејно и акционо единство на сите субјективни сили на Универзитетот. Нашата акција за преструктуирање и реформа треба и понатаму да се одвива со најголемо директно учество на научно-наставниот кадар а превасходно потреба на акцијата е во неа да се вклучат студентите. Низ сегашната практична акција за преструктуирање на високообразовните институции и реформа на некои наставно-научни процеси и односи Универзитетот во републиката ќе треба да извојува и една, од не мало политичко и практично значење, општествена афирмација на вистински борец за реформирање на високото образование во републиката. Превасходен интерес на здружениот труд во високото образование се состои во неговото оспособување за вистински слободна размена на трудот во интересните заедници, како би станувала сè повеќе онаков фактор и функција на развојот каков што му е потребно на нашево динамично, социјалистичко и самоуправно општество.

На крајот од овие куси припомнувања по повод прославата да го кажеме и следното:

Сè што сме постигнале неодвоиво е сврзано со личноста на Тито. Како идеолог, војсководач, политичар и државник во време бурно и со често сурови односи, соочуван во животот и работата со огромни искушенија при кои останал доследен и непоколеблив, по толку децении живот и борба, на него и до ден денешен му останува главна врлината да поседува активен усет и слух за сè она што е човечко, народно, работничко, не во смисла на политичко-сентиментална демагогија туку како залагање за човековото природно и општествено-историско право на слобода и на слободен труд.

Новите устави изградени се на овој темелен хуманистички однос: трудот и резултатите на трудот да ја определуваат материјалната и општествената положба на човекот врз основа на еднаквите права и одговорности. На вакви социјалистички односи, проникнати и во теоријата и во практиката со вистински хуманистички идеи и принципи, прв и најголем инспиратор и творец е другарот Тито.